Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа



ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

# ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО РАБОТНИ ОДНОСИ

# МИ ПОНУДИЈА ДА СКЛУЧАМ ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ. КОИ СЕ МОИТЕ ПРАВА?

## Склучување на договор за работа и пријава на работник

**Работниот однос настанува со договор помеѓу вас како работник и работодавачот.** Оттука, вие сте еднакво важни во овој однос како и работодавачот. Имате право да ги договорите условите под кои би стапиле во работен однос, да се договорите за платата, за работното време и за вашите работни обврски и задачи. Имате право да не склучите договор и да не започнете со работа доколку некој од условите не ви одговара.

Откако ќе го потпишете договорот, имате право веднаш да бидете пријавени во:

- ✔ Агенцијата за вработување,
- ✔ Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и
- ✔ Фондот за здравствено осигурување.

Имате право да поседувате примерок од договорот за вработување, потпишан од страна на работодавачот.

## Пред започнување со работа

- ✔ Имате право да не започнете со работа додека не се осигурате дека сте пријавени и ви тече стаж.
- ✔ Пред да започнете со работа, имате право да бидете запознаени со работната средина, правилниците кои ги имаат, и местото каде што ќе ги извршувате работните задачи. Иако имате соодветно образование, па дури и ако имате претходно искуство, ова е нова работна средина, и имате право да добиете обука за вршење на работата на тоа работно место.

## Права од работен однос:

Имате право на дневна пауза од 30 минути, пауза меѓу 2 дена од непрекинати 12 часа, и неделен одмор од непрекинати најмалку 24 часа плус 12 часа од дневниот одмор. Годишниот одмор е најмалку 20 работни дена, а со договорот или со колективен договор може да биде и до 26 работни дена во годината.



## Имате право

- на плата и доволно работни задачи за да ја обезбедите платата. Платата мора да биде исплатена најдоцна до 15тиот ден во месецот за претходниот месец.
- да бидете третирани со достоинство, еднакво со другите и да бидете заштитени од секакво вознемирување од вработените, клиентите или надредените.
- да бидете вклучени и да го искажете своето мислење во сите постапки кои се однесуваат на вас – казнување, опомена или престанок на работен однос.
- да го прекинете работниот однос со отказен рок кој не е помал од 30 дена (а во договорот може да е договорен и подолг отказен рок), со писмено известување до работодавачот.
- да поднесете тужба за надомест на неисплатени плати, придонеси, договорени бонуси и други парични долгови. Ова право го имате и без да ви престане работниот однос.
- да бидете заштитени од казнување или отстранување од работа заради барање за остварување на било кое од правата наведени погоре.

# НА ШТО ТРЕБА НАЈМНОГУ ДА ВНИМАВАМ ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ?

- ✔ Проверете дали на договорот пишува Договор за вработување, или Договор на дело, Договор за ангажирање на работник или Договор за вршење услуга. Само Договорот за вработување всушност е договор кој ви обезбедува права и обврски согласно Законот за работни односи (осигурување, одмори, плата).
- ✔ **Датум на започнување:** Датумот на започнување со работа мора да биде најмалку еден ден по датумот на склучување на договорот, за да може работодавачот да ве пријави како вработен во институциите.
- ✔ **Работното место и работните задачи:** Обезбедете се дека знаете кое ви е работното место и дека работните задачи ви се точно и јасно опишани.Ова е многу битно за да можете да ја вршите работата успешно и во склад со барањата на работодавачот.
- ✔ **Колку време трае договорот:** Дали е договорот на определено или неопределено време?
- ✔ **Како ќе се одвива работењето:** Дали сте на полно или скратено работно време? Дали работите на исто место или на повеќе различни места? Дали се работи од понеделник до петок, или се работи и во викенди? Дали се работи во смени?
- ✔ **Плата:** Дали платата е според договореното? Проверете дали во договорот износот на платата е ставен во бруто или нето износ, за да се осигурате дека е точниот износ.
- ✔ **Одмори:** Дали е уредено правото на неделен и годишен одмор? Дали имате најмалку 20 дена годишен одмор?
- ✔ **Престанок на работен однос:** Дали е утврден отказен рок и колку денови изнесува? Дали постои одредба дека доколку го прекинете работниот однос треба да платите надомест? Доколку има таква одредба, истата е спротивна на законот и не смее да стои во Договорот за вработување.

## ДАЛИ РАБОТОДАВАЧОТ МОЖЕ ДА МИ ГО СМЕНИ ДОГОВОРОТ БЕЗ МОЈА СОГЛАСНОСТ?



Не. Договорот мора да биде потпишан од двете страни, и од работникот и од работодавачот, и ниту една, дури ни најмала измена не може да се спроведе без писмена согласност од двете страни.

## КОИ СЕ ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД СКЛУЧУВАЊЕ НА СПОГОДБА ЗА ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС?

Спогодбата за престанок на работниот однос е документ со кој и работникот и работодавачот се согласни работниот однос на работникот да престане на одреден датум пред истекот на Договорот за вработување.

Бидејќи спогодбата за престанок ја изразува волјата на работникот да го прекине работниот однос, на работникот не му следува паричен надомест во случај на невработеност.

## ДАЛИ МИ СЛЕДУВА НАДОМЕСТ ЗА НОЌНА РАБОТА?

Доколку работите ноќни смени (од 22:00-06:00) часот, работодавачот е должен да ви обезбеди: подолг одмор, соодветна храна или надоместок на трошоци за исхрана во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во Република Македонија во претходната година, сразмерно за деновите кога работникот работи ноќе, стручно раководство на работниот процес и редовни лекарски прегледи.

## ДАЛИ МИ СЛЕДУВА ГОДИШЕН ОДМОР?

Да, на секое вработено лице му следува годишен одмор, без оглед дали работи со полно работно време (8 часа во денот) или скратено работно време (4 часа во денот), и без оглед дали договорот е на определено или неопределено време.

Секое вработено лице има право на најмалку 20 работни дена одмор во текот на една година. Со договорот за вработување или со колективен договор, може да се утврди на работникот да му следуваат и повеќе денови, но најмногу до 26 работни дена во текот на една година.

Годишниот одмор работникот го користи во договор со работодавачот, но при тоа мора да се внимава на следново:

- ✔ Работникот мора да искористи две непрекинати работни денови годишен одмор до крајот на тековната година (31.12).
- ✔ Работникот мора да ги искористи другите денови до 30.06. идната година.

Правото на целиот годишен одмор се стекнува откако ќе работите 6 непрекинати месеци кај работодавачот. До тој момент, имате право на пропорционален дел од одморот – два работни дена за секој месец кој сте го поминале на работа.

## ДАЛИ ПОКРАЈ ГОДИШНИОТ ОДМОР МОЖАМ ДА КОРИСТАМ И ДРУГИ ДЕНОВИ НА ПЛАТЕНО ОТСУСТВО ОД РАБОТА?

Да, покрај годишниот одмор имате право на уште седум работни дена, кои може да ги користи за склучување на брак, раѓање на дете (само таткото) и/или смрт на близок роднина.

Исто така, доколку сте на школување или дошколување, имате право на отсуство од работа заради полагање на испити на денот кога е испитот. Со договорот за вработување, со друг договор помеѓу вас и работодавачот или со колективен договор, може да биде договорено и платено отсуство во повеќе денови.

## ДАЛИ МОЖАМ ДА КОРИСТАМ НЕПЛАТЕНО ОТСУСТВО ОД РАБОТА?

Да, имате такво право кое можете да го користите најмногу до три месеци во текот на календарската година. За точните услови под кои можете да го користите ова право, ве молиме погледнете ги колективните договори кои важат за вашиот сектор.

**Важно:** Ве молиме да имате предвид дека неплатеното отсуство подразбира дека во перидот додека го користите ова право, вие сте одјавени од работа, не ви тече стаж, здравствено, пензиско и инвалидско осигурување. Работодавачот повторно ќе ве вработи, и стажот ќе продолжи да ви тече од моментот кога ќе престанете да го користите правото.



# СЕ ПОВРЕДИВ НА РАБОТА. КОИ СЕ МОИТЕ ПРАВА?

Работодавачот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, да поднесе Известување за несреќа на работа до Државниот инспекторат на трудот. **Тоа за вас е потврда дека настанот навистина се случил на работа, во работното време и при вршење на работните обврски.**

Доколку сте осигурани, можете да побарате надомест на штета од осигурувањето под условите во вашата осигурителна полиса.

Можете и да поднесете барање за надомест на штета од работодавачот, но само доколку се исполнети овие 2 услови:

- ✔ Работодавачот да не ги презел соодветните мерки за заштита на работното место;
- ✔ Вие да сте ја носеле заштитната опрема и повредата да не е настаната од небрежност.

Доколку од повредата дошло до ограничување на вашата способност за вршење на таа работа, работодавачот може да ве прераспредели на друго работно место кое што можете да го извршувате, или да побара преквалификација.

Доколку заради повредата повеќе не сте во можност да работите, имате право да поднесете барање за инвалидска пензија, согласно условите наведени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

# ДАЛИ МИ СЛЕДУВА ОДРЕДЕНА ЗАШТИТА ЗА ВРЕМЕ НА БРЕМЕНОСТ, РАЃАЊЕ И РОДИТЕЛСТВО?

Забранети се сите облици на дискриминација на работничка поради бременост, раѓање и родителство. Работниците поради бременост и родителство имаат право на посебна заштита во работниот однос. Работодавачот е должен на работниците да им овозможи полесно усогласување на семејните и професионалните обврски.

> Вашето работно место е сигурно и вие не смеете да добиете отказ заради бременост, раѓање и родителство.

## Права за време на бременост

- ✔ По објавувањето дека сте бремена, работодавачот е должен да преземе мерки за безбедност и здравје на вашето работно место, за да се увери дека истите не се штетни по вашето здравје и здравјето на плодот.
- ✔ Работодавачот на смее да бара какви било податоци за бременоста на работничката, освен ако таа самата не ги достави заради остварувањето на правата за време на бременоста.



- ✔ За време на бременост и уште една година по породувањето, работничката не смее да врши работи ако тие со зголемена опасност влијаат на нејзиното здравје или здравјето на детето, не смее да врши прекувремена работа, или да работи ноќе.



## Платено отсуство од работа (т.н породилно отсуство)

Имате право право на платено отсуство од работа во траење од девет месеца непрекинато, а за близнаци или повеќе деца родени одеднаш - 15 месеци. Доколку сакате, можете да се вратите на работа и пред истекот на отсуството, но не пред 45 дена од денот на раѓање на детето. Доколку се вратите, покрај правото на плата, имате право и на надомест на плата за отсуство поради бременост и родителство, во висина од 50% од утврдениот износ на надоместокот за отсуството.

**На крајот на родителското отсуство, имате право да се вратите на истото работно место или на соодветно работно место според условите од договорот за вработување.**

По завршување на отсуството од работа

- ✔ По завршување на отсуството од работа поради бременост, раѓање и родителство, имате право на неплатено родителско отсуство до три месеци во периодот до навршување на тригодишна возраст на детето, во најмногу три дела, заради грижа за детето.
- ✔ Откако ќе започнете да работите со полно работно време, па додека детето не наполни една година, имате право на платена пауза во текот на работното време, во траење од еден ипол час дневно, во кое време се засметува и дневната пауза.

# КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

- ✔ Здруженија и правни клиники кои се овластени за давање на бесплатна правна помош
- ✔ Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош
- ✔ Во подрачните одделенија на Министерството за правда:

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Берово | 071 205 324 |
| Битола | 071 223 392 |
| Македонски Брод | 071 223 075; 078 640 786 |
| Виница | 071 213 964 |
| Валандово | 071 213 925 |
| Гевгелија | 071 224 678; 071 216 267 |
| Гостивар | 071 223 180 |
| Дебар | 071 223 768 |
| Делчево | 071 283 948 |
| Демир Хисар | 075 766 695 |
| Кавадарци | 075 659 855 |
| Кичево | 071 224 652 |
| Кочани | 071 221 580 |
| Кратово | |
| Крива Паланка | 071 224 580 |
| Крушево | 071 227 808 |
| Куманово | 071 227 962 |

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Неготино | 071 223 191 |
| Охрид | 071 221 908 |
| Прилеп | 076 232 886 |
| Пробиштип | 078 330 434 |
| Радовиш | 070 261 310 |
| Ресен | 071 221 246 |
| Свети Николе | 071 227 862 |
| Струга | 071 223 015 |
| Струмица | 071 224 526 |
| Тетово | 071 227 893 |
| Велес | |
| Штип | 071 221 484; 070 821 089 |
| Карпош | 071221381 |
| Центар | 078 442 006 |
| Кисела Вода | 071 224 104 |
| Гази Баба | 071 213 798 |
| Чаир | |

ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

www.pravnapomos.mk

Фотографии: freepik.com – © Сите права се задржани 2021

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.
Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Република Северна Македонија
Министерство за правда